Број 107 Август 2021

# S-WORK



# ПОРАСНАВ СО МАЈКА СЕКСУАЛНА РАБОТНИЧКА

„Работите не беа совршени, ама ниту еднаш не се посомневав дека не ме сака“.

Џејкоб имаше само пет години кога случајно налета на разголени фотографии од неговата мајка во едно порно списание. „Имаше неколку такви списанија под нејзиниот кревет“, вели Џејкоб. „Упорно ја прашував што е тоа и на крај ми објасни дека се сликала на тој начин за пари“.

Како што се сеќава Џејкоб, ова сознание не го мачело многу тогаш. Меѓутоа, живеејќи во мал град, многу брзо се рашириле гласините за професијата на неговата мајка и подоцна бил исмејуван, особено за време на средношколските денови. „Можев да ги чујам децата како зборуваат дека мајка ми е порно глумица“, вели тој. „На почетокот од мојот пубертет, бев одбиен од една девојка која ја нарече мајка ми курва“.

Покрај случајот на Џејкоб – кој побара да не се открива неговото презиме за да ја зачува приватноста – да се има родител кој е сексуален работник/-чка воопшто не е редок феномен. Според Англискиот колектив на сексуални работници, повеќето сексуални работнички се мајки, кои влегле во сексуалната индустрија за да обезбедат финансии за семејството. Откако е започната КОВИД-19 пандемијата се повеќе жени се вклучуваат во оваа индустрија токму поради сиромаштијата која произлезе од рестриктивните мерки. И покрај тоа што има десетици илјади сексуални работнички само во Обединетото кралство, идејата за сексуални работници/-чки родители сеуште се смета за табу, дури и за неморална во социјалните и културолошките сфери.

Во минатото, се мислеше дека децата на сексуалните работници се психолошки поранливи и изложени на напуштање од родителите. Воглавно, овие аргументи се многу упростени и бесмислени.  Иако не му беше лесно додека одеше во средно училиште, Џејкоб секогаш гледал на својата мајка со почит и воодушевување. „Мајка ми овозможуваше да имаме храна на масата секој ден и правеше се што е можно тоа да биде така. Во ниту еден случај не треба да се срами од тоа што го направила“.

Лиз Афтон, психотерапевт и социјален работник со 15-годишно работно искуство со сексуални работници/-чки и нивните семејства, смета дека ставовите на општата популација често се во судир со интересните на семејствата на сексуалните работници. „Во краен случај, да се има родител кој се соочува со стигма и успеал да го преживее тоа, родител кој е посветен да направи се за да се преживее, без оглед на околностите и препреките кои треба да се поминат за да ве поддржат финансиски, јасно укажува на смислата на посветеност за доброто на детето“, вели таа.

Исто така, не се земаат предвид начините преку кои сексуалната работа овозможува голема флексибилност, што подразбира пократко работно време за повеќе пари и придонесува за подобар однос помеѓу родителот и детето. „Многу сексуални работници кои ги познавам се имаат вклучено во таа работа токму поради доброто на нивите деца“, вели Афтон. „Да се биде сексуален работник/-чка значи да си во можност да имаш повеќе опции на располагање и да имаш многу поголема независност, со што ќе имаш и повеќе можности да му посветиш внимание на детето“.

Афтон исто така истакнува дека криминализацијата на сексуалната работа прави сексуалните работници да се плашат да побараат помош доколку истата им е потребна, без оглед дали станува збор за зависност од дроги или поддршка за семејството. Да се овозможи безбедност за сексуалните работници/-чки значи да се декриминализира сексуалната работа, наместо истата постојано да се криминализира.

„Декриминализацијата би овозможила сексуалните работници/-чки родители да немаат страв да се обратат до институциите на системот за помош, особено оние институции кои се задолжени да помагаат на семејства. Тие би имале можност отворено да разговараат со социјалните работници или други обучени луѓе кои би им помогнале да пребродадт извесни опасни ситуации за нив и за нивните семејства“.







# Момчиња за пари (Moneyboys): Краткиот филм за геј сексуални работници снимен во Тајван е одбран за награда на Канскиот филмски фестивал

Момчиња за пари (Moneyboys), тајванскиот краток филм кој ја отсликува сексуалната работа помеѓу геј популацијата е селектиран за награда на Канскиот филмски фестивал во јули оваа година.

Главните улоги ги толкуваат Каи Чо и Џејси Лин, во филмот кој ја прикажува животната приказна на еден маж кој се оддава на најстарата професија на светот за да може да го издржува своето семејство.

Moneyboys ќе биде прикажан во рамките на категоријата Un Certain Regard (што значи „од друг агол“): колекција од 20 филмови со уникатни стилови и невообичаени приказни.

**„Ги прифаќаат само неговите пари, а не и неговиот животен стил“.**

Накратко содржината на филмот се фокусира на главниот лик Феи, кој нелегално работи како ескорт за да обезбеди финансии за своето семејство, меѓутоа во моментот кога ќе сфати дека семејството единствено ги прифаќа неговите пари, а не неговиот животен стил, односот помеѓу него и семејството нагло се влошува.

Во критичкиот осврт на AustrainFilms.com се наведува следново: „Феи заработува во голем град работејќи како момче за пари. Неговиот свет наеднаш ќе се сруши кога ќе дознае дека семејството ги прифаќа само неговите пари, а не и неговата хомосексуалност. Со скршено срце, Феи се бори да создаде нов почеток во неговиот живот“.

Во моментов не е прикачен трејлер за Moneyboys на социјалните мрежи. Филмот е напишан и режиран од Чен Бо Јилин.

74-ото издание на Канскиот филмски фестивал се одржа помеѓу 6-ти и 17-ти јули 2021 година. Оскаровката, Џоди Фостер, која јавно откри дека е бисексуалка во 2013 година, ќе биде специјален гостин на отворањето на фестивалот и добитник на почесна Златна палма.

# Како е да се биде асексуален сексуален работник/-чка?

„Луѓето имаат монолитни ставови за сексуалната работа со што се создава перцепција дека ние сме расположени за секс 24/7. Тоа не е ни приближно вистинито, дури и за сексуалните работници кои не се асексуални“.

Според ГЛААД, невладина организација за мониторинг на медиумите, асексуална личност е онаа која не чувствува сексуална привлечност кон никого. Меѓутоа, исто како и за другите видови сексуалност, постои цел спектар на асексуалноста. Некои асексуални личности воопшто не би се впуштиле во сексуални односи и покрај тоа што имаат активно либидо, додека некои пак би имале секс со своите партнери и покрај тоа што немаат либидо воопшто.

Да се биде асексуален сексуален работник/-чка звучи контрадикторно, дури и бизарно. Сепак, за 21-годишната сексуална работничка од Канада која беше интервјуирана, тоа е нејзината секојдневна реалност.

Ели работи сексуална работа онлајн. Ели (која самата побара да биде користено исклучиво само нејзиното име за да си ја зачува приватноста) е асексуална личност која е вклучена во сексуалната работа, а ова е нејзината приказна.

Терминот „асексуален сексуален работник/-чка“ можеби звучи контрадикторно, меѓутоа ќе се обидам да ви го објаснам терминот и да ви кажам зошто тоа не е чудно и контрадикторно.

Веројатно сфатив дека сум асексуална кога ги видов перфектно изработените грчки статуи во музеј додека бев тинејџерка и воопшто не почуствивав ништо. За мене, тоа беа едноставно само човечки тела.

Во 2013 година, отворив Tumblr профил. Во тоа време, Tumblr имаше голем „бран на виножитото“ и како и многу други, ја пронајдов етикетата која се совпаѓа со тоа како се чувствувам. Претходно, немав слушнато за поимот „асексуален“, меѓутоа коа прочитав што тоа значи, конечно знаев дека тој поим точно мене ме опишува.

И да, не полудувам и не се возбудувам кога ќе видам или помислам на гол маж со ерекција. Ако е тоа привлечен маж, јас само тоа и го мислам за таа личност: привлечна личност и ништо повеќе.

Исто така, не го доживувам сопственото тело во сексуална смисла, меѓутоа свесна сум дека другите луѓе ме доживуваат така. Не се чувствувам неудобно кога сум сексуализирана и искрено ми годи генералната позитивност и привлечност кон моето тело кои другите ги чувствуваат. Мислам дека моето тело е убаво и мило ми е што и другите се согласуваат со мене.



Понатаму, сексуалната работа е исто така многу широк поим. Некој кој ги продава своите разголени слики на Snapchat може да се нарече себе си сексуален работник/-чка, исто како и некој кој работи на OnlyFans, или работи преку камера, или пак порно ѕвездите кои ги гледате на PornHub.

Иако признанието е секогаш добредојдено, мислењата на другите луѓе за мене и за моето тело не ми е битно во смисла како јас се доживувам самата себе си. Така што воопшто не ми е гајле ако другите мислат дека мојата коса не е убава или на пример дека градите ми се премали. Сексуалната работа е работа како и секоја друга, и да се биде сексуален работник/-чка на дневна основа  е слично како некој што води онлајн продавница или има некаква мала фирма. Јас навистина си ја сакам работата и покрај тоа што сум свесна дека нема да можам ова да го работам засекогаш. Сеуште немам одлучено што планирам да работам кога ќе завршам со сексуалната работа, меѓутоа засега, оваа работа ми ги плаќа сметките и ми овозможува да имам публика која ме третира со почит.

Сепак, интимноста ми е многу важна и сум многу тактилна (уживам во допири) кога сум во врска со некого. Несексуалното допирање, како бакнувањето, прегратките, галењето, минувањето време до некого се многу важни за моите чувства преку кои се поврзувам со партнерот. Не сакам допирање кога не сум во блиска врска, така што допирот е нешто што е многу интимно за мене.

Во суштина имам два сосема различни идентитети: сексуална работничка и асексуална личност. Едниот ми е професија, а другиот е дел од мене. Јас лично одбрав да бидам сексуална работничка, ама не одбрав да бидам асексуална. Се надевам дека еден ден ќе живеам некаде на планина и ќе го оставам овој онлајн свет позади мене. Не би можела вечно да го правам ова, особено поради мојата сексуалност.

Асексуалноста секогаш ќе биде дел од мене, и покрај тоа што јас лично ја немам одбрано. Јас се сакам себе си, меѓутоа разликата помеѓу идентитетот кој го имам одбрано и оној кој ми е даден, ме прави да ги чувствувам како два посебни делови од мене.



# Индиската мрежа на сексуални работници бара подобар пристап до вакцини против КОВИД-19 за сексуалните работници

Индиската мрежа на сексуални работници, која е е всушност колектив од 5 милиони сексуални работници, се обрати со писмо до Владата во Делхи во кое бара подобар пристап до вакцини против КОВИД-19 за сексуалните работници и трансродовите луѓе.

Весникот Хиндустан тајмс дури објави и цитати од писмото:

„Заедницата на сексуални работници и трансродовите лица не е само изложена на висок ризик од КОВИД-19 инфекција, туку е исто така ранлива врз основа на социо-економскиот статус, стигмата, дискриминацијата и исклученоста од општеството, како и на недоволниот пристап до информации, услуги, ресурси и поддршка. Немањето документи за идентификација и постојано живеалиште е уште една бариера во пристапот до услугите за вакцинирање против КОВИД-19", се вели во писмото кое Мрежата го достави до Владата.

Писмото исто така упатува порака до Владата во Делхи да ангажира волонтери и здравствени работници за да ги регистрираат и вакцинираат сексуалните работници и тоа на локации кои се пријателски настроени кон заедницата.

Дополнително, заедницата на сексуални работници ширум светот со длабоко жалење ја прими веста дека Манџула Рамаја неодамна почина поради компликации предизвикани од КОВИД-19.

Манџула беше силен лидер и работник во првите редови, основач на многу мрежи сексуални работници и беше член во повеќе управни одбори на меѓународни организации како главен поборник за правата на сексуалните работници и оние кои живеат со ХИВ.

Меѓу другото, Манџула беше основач на Ашодаја Самити заедно со заедницата сексуални работници во Мисоре. Овој колектив на женски, машки и трансродови сексуални работници беше организиран во шест области на Карнатака, Индија и има членство од 8 илјади сексуални работници, а силно се залага за правата на сексуалните работници и декриминализација на сексуалната работа, како и рамноправен пристап до здравствени и социјални услуги.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.